РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено Барање за мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во ситуација кога е предложен кандидат за вршење на функцијата претседател на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со оглед на тоа дека е вработен во Македонски железници Транспорт АД – Скопје, на работно место Шеф на Отсек за безбедност и здравје при работа.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја утврдува дефиницијата на поимот судир на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Со член 49 од истиот Закон е предвидено членувањето во управни и надзорни органи, по што став (2) од истиот член гласи:
„Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.“

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, постапувањето во случај на постоење судир на интереси кај службените лица е предвидено со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон:

Член 72 став (1) и (2)

„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

При разгледување на барањето, Државната комисија ги имаше предвид и одредбите од член 97 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на РМ“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 302/20, 253/23 и 187/24), во кои се утврдени надлежностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, како и одредбите од член 103 од истиот Закон каде е предвидена надлежноста на Управниот одбор како орган на Агенцијата.

Исто така, во член 101 став (11) од Законот за железничкиот систем е утврдено дека за претседател и член на Управниот одбор можат да бидат именувани лица вработени во други правни лица, **освен ако тоа не претставува конфликт на интереси согласно со овој закон.**

Имајќи ги предвид сите горенаведени одредби, Државната комисија смета дека и покрај тоа што член 49 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси дозволува вработено лице во јавниот сектор да може да биде член на Управен одбор во правно лице што располага со доминантен државен капитал, сепак треба да се има предвид и фактот што истото лице е вработено во Железници на РСМ Транспорт АД – Скопје, правно лице врз кое врши контрола Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

Оттука, Државната комисија смета дека лицето од предметното барање, доколку биде избрано за претседател на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор од страна на Собранието на РСМ, несомнено ќе се доведе до потенцијален судир на интереси, кој може да прерасне во состојба на судир на интереси, поради тоа што е вработено во Железници на РСМ Транспорт

АД – Скопје и истото е спротивно на горе цитираниот член 101 став (11) од Законот за железничкиот систем.

Исто така, Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:

„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk